# ЗАЕДНИЧКА ИЗЈАВА НА ЛИДЕРИТЕ НА ШЕСТОРКАТА ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН (ЗБ6)

**Конференција „Раст и приближување за шесторката од Западен Балкан“**

**Тирана, 29 февруари 2024 година**

1. Препознавајќи ја новата динамика на политиката за проширување создадена од агресијата на Русија против Украина и зголемената важност од европската обединетост и подобрената соработка меѓу ЕУ и Западен Балкан.
2. Истакнувајќи дека Планот за раст за Западен Балкан претставува одлична можност за унапредување на интеграцијата на регионот на Единствениот пазар, како и во механизмите и инструментите на ЕУ додека се забрзуваат реформите во стратешките и суштински области, вклучително и оние поврзани со владеењето на правото и основните права.
3. Посветени на забрзување на работата што е потребна за брзо и значајно спроведување на Планот за раст, поединечно и со регионалните партнери.
4. Препознавајќи ја важноста на Заклучоците на претседавачот со Самитот на Берлинскиот процес одржан на 16 октомври 2023 година во Тирана и истакнувајќи ја важноста од меѓународната соработка, особено економските и социјални потенцијали за трансформација на Заедничкиот регионален пазар за ослободување на економскиот и социјален потенцијал на регионот, како и негова подготовка за постепено влегување на Единствениот пазар.
5. Препознавајќи го напорот за создавање регионален збир на вештини и професии преку признавање на академските и професионални квалификации врз основа на стандардите и праксите на ЕУ, ја поздравуваме координативната улога на Советот за регионална соработка и се обврзуваме за брзо следење на спроведувањето на договорите за мобилност склучени во рамките на Берлинскиот процес.
6. Ние, лидерите од Западен Балкан, се обврзуваме да започнеме структуриран дијалог, заедно со Европската Комисија и земјите-членки на ЕУ, со цел спроведување на Планот за раст на начин кој ќе ни донесе поединечна полза и може да го поттикне регионалниот просперитет и социо-економското приближување кон ЕУ.
7. Во тој дух, лидерите го истакнаа напредокот постигнат во

развој на агенди за реформи што ќе помогнат да се насочуваат политиките и инвестициите во следните четири години.

8. Во согласност со приоритетните области на Планот за раст, како и оние на Заедничкиот регионален пазар за постепено внесување на нашите економии на Единствениот пазар, разговараме за конкретни иницијативи во поединечни области и идентификуваме клучни дејства кои треба се преземат.

9. Надградувајќи ги регионалните иницијативи прифатени на Самитот на лидери на Берлинскиот процес во Тирана во октомври 2023 година, во Скопје во јануари 2024 година, се обврзавме да ја забрзаме подготвеноста за пристапување кон Единствената европска платежна област (СЕПА), за натамошно унапредување на зелените ленти и олеснување на трговската и економска активност во регионот преку промовирање на привлечноста и конкурентноста на регионот, како и отворање на можностите за аплицирање за „Мрежата на европски дигитални центри за поврзани земји“ и WiFi4WB (безжична интернет мрежа за Западен Балкан) во регионот. За таа цел, ја поздравуваме работата што ја презедоа Европската Комисија, Светската банка, Транспортната заедница, ЦЕФТА и Коморскиот инвестициски форум од ЗБ6 во одредувањето на чекорите за олеснување на трговијата и транспортот, како и подобрувањето на економската интеракција во регионот и меѓу шесторката од Западен Балкан и ЕУ на клучните гранични премини. Иницијативите за кои се разговараше денес во контекст на Планот за раст се насочени кон поттикнување на долгорочното економско закрепнување на регионот, поддршка на зелената и дигитална транзиција и негување регионална соработка и приближување кон ЕУ. Исто така, ги поздравуваме напорите на централните банки од регионот за подготовката, во соработка со Светската банка, на патокази кои ќе ги водат нивните напори да се подготват за пристапување кон СЕПА.

10. Во однос на Единствената европска платежна област (СЕПА), лидерите ја препознаа клучната улога на финансискиот сектор, а особено на платежните системи, за подобро функционирање на пазарите. Плаќањата кои заштедуваат трошоци и време ја прават трговијата поевтина и им дозволуваат на конкурентните компании да растат и да им нудат на потрошувачите полесен пристап кон стоки и услуги. Здрав и ефикасен платежен систем го поддржува развојот на финансиското посредување, продлабочување на финансиските пазари и подобрување на финансиската стабилност, со што се создава клима во која инвеститорите може да ги прошируваат нивните бизниси. Страните се согласија да подготват, во консултации со релевантните засегнати страни, конкретни Акциски планови, за секоја ЗБ6, за да се унапреди исполнувањето на критериумите за СЕПА, со цел да се побара приклучување кон СЕПА во 2024 година, како и да се

мобилизира поддршката за спроведување на царинските стандарди и процедури, со цел регионот да може да се приближи до царинска и трговска соработка со ЕУ.

11. Со цел олеснување на трговијата и транспортот меѓу регионот и соседните земји-членки на ЕУ, лидерите ја поздравија работата на Транспортната заедница и ЦЕФТА во однос на Патоказот за зелените ленти, прифатена на Самитот Западен Балкан-ЕУ во декември 2023 година, како и координираните контроли на граничните премини меѓу ЕУ и ЗБ6. Во рамките на Патоказот, лидерите изразија целосна поддршка за воспоставување Регионална програма за олеснување на трговија и транспорт, со цел да се овозможи приближувањето на регионот до единствениот пазар на ЕУ преку намалување на трговските бариери и трошоци и подобрување на транспортната ефикасност меѓу ЗБ6 и ЕУ. Програмата ќе биде спроведена од Светската банка во тесна соработка со Транспортната заедница, ЦЕФТА и Европската Комисија.

12. Со цел подобрување на дигиталната поврзаност во регионот и меѓу регионот и ЕУ, лидерите изразија поддршка за компаниите и јавниот сектор во двојната (зелена и дигитална) транзиција преку олеснување на иницијативата во рамките на повикот од Програмата за дигитална Европа „Мрежа на европски дигитални центри за иновација – поврзани земји“. Препознавајќи го успехот на Иницијативата WiFi4EU, како дел од стратегијата за Дигитален единствен пазар и во согласност со резултатите од Самитот на лидери на Берлинскиот процес во октомври 2023 година, лидерите, исто така, повикаа за дејства кон спроведување на таквата иницијатива што веќе е проширена на Западен Балкан.

13. Препознавајќи го потенцијалот за регионална економска соработка за социо-економски развој на нашиот регион, се обврзуваме на спроведување на Заедничкиот регионален пазар врз основа на правилата и стандардите на ЕУ, додека истовремено напредуваме кон постепено отворање на нашите пазари кон Единствениот пазар на ЕУ. Поздравувајќи ги СРС и ЦЕФТА за иницираната координација, Лидерите повикаа за амбициозен план ориентиран кон успех кој ќе го наследи првиот Акциски план за Заедничкиот регионален пазар, што ќе го продолжи отворањето на значајни можности за интеграција на регионалниот пазар и подготовка на регионот за интеграција на Единствениот пазар на ЕУ.

14. Потсетувајќи на важноста од спроведување на минатите преземени регионални обврски за граѓаните и бизнисите да ја почувствуваат ползата, Лидерите се обврзуваат на итно следење и спроведување на склучените договори во рамки на Берлинскиот процес. Во таа насока, ја повторуваме нашата посветеност да ги отстраниме сите пречки за економската

соработка што може да ни ги попречат нашите заеднички и еднострани напори за придвижување кон тие цели.

15. Истакнувајќи ја динамиката создадена за подобрени односи меѓу ЕУ и ЗБ6, лидерите ја повикаа ЕУ да ги истражат начините за подобрување и изменување на правните и регулаторните рамки, со цел да се постигне значајно, иако постепено воведување на ЗБ6 во механизмите и форумите на ЕУ, како политички, така и технички, во согласност со новата методологија за пристапување кон ЕУ и Планот за раст за регионот.